ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 2 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.4.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за назначување претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

За претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје се назначува Бобан Гоговски, на местото на досегашниот претседател на Одборот м-р Глигорие Гоговски.

**Член 2**

Мандатот на назначениот претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија трае до истекот на мандатот на останатите членови на Одборот именувани со Одлука бр. 02-3072/8 од 15.4.2021 година, донесена од Собранието на акционери на Банката, односно до 15.4.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

____________________________

## О б р а з л о ж е н и е

### кон Предлог - одлуката за назначување претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје

Во согласност со член 40 став 2 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, за одделни прашања од делокругот на работење на Банката, може да формира и работни тела (комисии и одбори) на начин и според услови определени со закон, Статутот на Банката и други интерни акти на Банката.

Со Одлука бр. 02-3072/8 од 15.04.2021 година донесена од Собранието на акционери на Банката, назначени се претседател и членови на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје.

Имајќи предвид дека на м-р Глигорие Гоговски му престана членството во Надзорниот одбор на Банката, се предлага Собранието на акционери на Банката да ја донесе предложената Одлука за назначување претседател на Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје со мандат до истекот на мандатот на останатите членови на Одборот именувани со Одлука бр. 02-3072/8 од 15.4.2021 година, донесена од Собранието на акционери на Банката, односно до 15.4.2025 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**